**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

**ДОВЕРЛИВО**

# СУМАРЕН ИЗВЕШТАЈ

за работењето на Одборот за ревизија за 2011 година

Скопје, Април 2012 година

**До Надзорниот одбор и Собранието на акционери**
**на Стопанска банка АД – Скопје**

**Сумарен извештај за работењето на Одборот за ревизија за 2011 година**

## 1. Вовед

**1.1.** *Вовед* – Одборот за ревизија на Стопанска банка АД – Скопје (Банка) го доставува овој Извештај во согласност со важечката внатрешна и надворешна регулатива со цел да го информира Надзорниот одбор и Собранието на акционери на Банката во врска со работењето и активностите на Одборот за ревизија (Одбор), извршени во период на 2011 година.

Во 2011 година, на 27-та седница на Собрание на акционери, одржана на 27.07.2011 година беа извршени промени во составот на Одборот. Имено, Собранието за нови членови на Одборот ги избра Г-дин Јанис Кириакопулос и Г-дин Панајотис Карандреас и го утврди престанокот на мандатот на членовите Г-дин Димитриос Франгетис и Г-дин Анастасиос Лизос. Во согласност со Законот за банки, именувањето на новите членови на Одборот стапи на сила од датумот на добивање на согласност од страна на Гувернерот на НБРМ, за именување на истите за членови на Надзорниот одбор.

За време на извештајниот период Одборот одржа осум седници на кои присуствуваа мнозинство од членовите, како што следи:

- Д-р З. Божиновска Лазаревска, Претседател, Професор на Економски факултет во Скопје;
- Г-дин А. Вељанов, овластен ревизор - член, Ревизорски партнер во Македонски ревизорски центар;
- Д-р В. Кандикјан - член, Професор на Правен факултет во Скопје;
- Г-дин А. Лизос - член, Директор на Оддел “А” во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција .

  (член на одборот до 23.09.2011)
- Г-дин Д. Франгетис - член, Помошник генерален директор на Сектор за меѓународни активности на Национална банка на Грција.

  (член на одборот до 23.09.2011)
- Г-дин Ј. Кириакопулос[1]– Член, Заменик Заменик генерален директор за меѓународни активности

  г-дин Панајотис Карандреас – Раководител на Оддел “Б” на Секторот за меѓународни активности

## 2. Обем на извршена работа

Одборот за ревизија главно има задача да ја надгледува работата на внатрешните и надворешните ревизори, да ги разгледа резултатите од тие ревизии, а особено ефикасноста и ефективноста на регулативата на Банката и практиките за финансиско известување, како и адекватноста и ефикасноста на системот на интерни контроли на Банката.

[1] Членот поднесе оставка на позицијата член на Надзорниот одбор на почетокот од 2012 година.

Одборот ги разгледа следните позначајни точки на Дневниот ред во текот на соодветните седници одржани во текот на 2011 година:

**2.1.** *Независна надворешна ревизија:*

- Разгледување и одобрување на процедура за избор на независни надворешни ревизорски друштва за годишна ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2011 година;
- Разгледување на финансиските извештаи на Банката за 2010 година за консолидациски цели;
- Разгледување на финансиските извештаи на Банката заклучно со 30.06.2010 година;
- Разгледување на финансиските извештаи на Банката заклучно со 30.09.2010 година;

**2.2.** *Внатреша ревизија:*

- Разгледување на извештаите за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за сите соодветни квартали во 2011 година;
- Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за 2011 година;
- Разгледување и одобрување на Ревидиран Годишен план на активности на Секторот за внатрешна ревизија за 2011 година;

**2.3.** *Одбор за ревизија:*

- Разгледување и одобрување на План на Одборот за ревизија за 2011 година;
- Разгледување и одобрување на Извештаи од Одборот за ревизија до Надзорниот Одбор;
- Оценка на сопственото работење на Одборот за ревизија во врска со активностите во 2011 година.

## 3. Оценка на сопственото работење

Со цел да ја оцени својата ефикасност и ефективност, да се идентификуваат потенцијалните недостатоци и да се утврди усогласеноста на работењето со пропишаните должности во Правилникот за работа на Одборот за ревизија, членовите на Одборот извршија само-оценување на своите активности во текот на 2011 година.

Односните наоди покажаа дека треба да се даде континуирано внимание на редовно следење и преглед на работењето на Банката, кадешто акцентот треба да остане на внимателно следење на ризикот како и редовна соработка и разгледување на раководството и надворешните ревизорски друштва. Вниманието треба да остане на следниве прашања:

- Честа комуникација и состаноци со надворешни ревизори и раководство, особено во врска со разгледување на постоечки области со висок ризик;
- Редовен преглед и проверка на раководството, особено во врска со прашања од финансиските извештаи и состојбата на базата на податоци од Наодите и препораките на внатрешната ревизија;
- Разгледување на значајни области на проценка (како на пример: проценка на средства и обврски; акционерски капитал и резерви и други потенцијални обврски);

- Правни работи кои можат да имаат значително влијание на финансиските извештаи.

Скопје,  Април 2012 година

За и во име на Одборот за ревизија

Зорица Божиновска Лазаревска – Претседател